**Република Северна Македонија**
**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**
За подрачјето на основните судови на Градот Скопје
ул.„ Никола Вапцаров„ бр.3/1
27.04.2026 година
12 часот ( дванаесет)

**ОДУ бр. 911/2026**

извод

Јас, Нотар Анета Петровска Алексова, со службено седиште во Скопје, ул. Никола Вапцаров, број 3/1, потврдувам дека на Покана на Стопанска Банка АД Скопје , на ден 27.04.2026 година,со почеток во 12,00 (дванаесет) часот, присуствував на вонредната седница на Собранието на акционерите на Стопанска Банка АД Скопје ,кое се одржа во деловните простории на Банката, на ул.11-Октомври бр.7 Скопје-Центар,при што, согласно членовите 4 и 73 од Законот за нотаријатот и членовите 298 , 383 и 407 од Законот за трговските друштва, го составив следниот-----------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК**
**од вонредната 56-та седница на СОБРАНИЕТО на**
**акционерите на Стопанска Банка АД Скопје**

Пред отпочнувањето на Собранието ми беа предочени:---------------------------------------------

1.) Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица на Стопанска Банка АД Скопје издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, Регионална Регистрациона канцеларија - Скопје ( прилог кон списите); ---------------------------------------------------------------------------------------

2.) Акционерска книга на издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (прилог кон списите)---------------------------------------------------------------------------

3.)Список на присутни акционери ( прилог кон списите).--------------------------------------------

4.) Јавен повик до акционерите на Стопанска Банка, АД Скопје, објавен во дневниот печат, Утрински весник„ на ден 25.03.2026 година и дополнетиот Јавен повик објавен во дневниот печат „Нова Македонија, на ден 03.04.2026 година.------------------------------------------------

Седницата ја отвори Г-ѓа Наташа Трпеновска Тренчевска, како Претседавач од предходното Собрание на акционери ,која ги поздрави пристуните на 56 -та седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка АД - Скопје.--------------------------------------------------------

Потоа истакна дека денешната вонредна седница претставува важен чекор во континуираната трансформација и развој на Банката. Со предложената одлука за промена на седиштето, како и со соодветната измена на Статутот, се усогласува корпоративната и

Претседавач с.р.

правната рамка на Банката со новата организациска и инфраструктурна поставеност. Овие чекори претставуваат значајно унапредување во процесот на модернизација и се во целосна согласност со долгорочните стратешки определби.---------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На присутните акционери им укажа дека при регистрацијата ги добиле стандардните картончиња за гласање. Ги замоли да ги подигнат при гласањето, со цел да се овозможи транспарентно и прецизно пребројување на гласовите. Исто така, ги извести дека денешната седница ќе биде преведувана на македонски и англиски јазик од овластени преведувачи. ---
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа го покани г-дин Бојан Богевски, Директорот на Дирекција за корпоративно управување во Кабинетот на Претседателот на УО, да продолжи со формалниот дел од отворањето на седницата,односно,предложи за Претседавач со седницата да се избере Г-ѓа Наташа Трпеноска Тренчевска, акционер на Стопанска банка АД – Скопје, за бројач на гласови Г-ѓа дин Русевска Тврткoвиќ, а за записничар ја предложи нотар Г-ѓа Анета Петровска Алексова од Скопје и потоа отвори дискусија по предлогот.--------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој друг не се пријави за дискусија се пристапи кон гласање при што за предлогот за Претседавач со седницата да биде избрана Г-ѓа Наташа Трпеноска Тренчевска, акционер на Стопанска банка АД – Скопје, за бројач на гласови Вики Русевска Тврткoвиќ од Стопанска банка АД – Скопје, а за записничар ја предложи нотар Г-ѓа Анета Петровска Алексова од Скопје,од присутните акционери,односно,нивни овластени застапници,јавно,со кревање на рака 16.570.585(шестнаесетмилионипетстотиниседумдесетилјадипетстосумдесетипет) се изјаснија За,без гласови против и воздржан.--------------------------------------------------------
**Со оглед на тоа Претседавачот констатираше дека Предлогот за Претседавач,бројач на гласови и записничар едногласно беше усвоен** . ---------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Стопанска банка АД – Скопје преку Јавниот повик објавен во дневниот весник „Слободен печат„ , 30(триесет) дена пред одржување на седницата ,односно, на 25.03.2026 година и дополнетиот Јавен повик објавен во дневниот печат „Нова Македонија, на ден 03.04.2026 година.----------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На почеток, Претседавачот истакна дека вкупниот број на обични акции износува **17.460.180**, а вкупниот број на приоритетни акции изнесува **227.444**, односно вкупно **17.687.624** акции. Врз основа на Списокот на присутни и претставени акционери на седницата со вкупно 16.570.585 обични акции, односно 94.91% од вкупниот број на акции со право на глас, и 4.324 приоритетни акции односно 1.90% од вкупниот број приоритетни акции. Врз основа на тоа,се **констатираше дека Собранието може да продолжи со работа и да донесува полноважни одлуки**. ---------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа ги информираше акционерите дека на денешното Собрание на акционери, присутни се и Претседателот на Управен одбор и Генерален извршен директор, г-ѓа Хрисула Кутуди, Генерален директор за финансии и член на Управен одбор, г-ѓа Мирјана Трајановска,Сениор директорот за правни работи, г-дин Горазд Поповски и Директорот на Секторот за човечки ресурси, г-ѓа Соња Николовска. -----------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со Одлуката за свикување на седницата на Собранието, Надзорниот одбор предложил Дневен ред, кој е содржан во материјалите и во Јавниот повик и тоа:-----------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р.

----------------------------------**Д Н Е В Е Н   Р Е Д:**--------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
1.Избор на Претседавач, нотар и бројач на гласови;--------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**2.Разгледување на Записникот од од 55-та седница на Собранието на акционери одржана на 30 мај 2025 година.**-----------------------------------------------------------------------
**3.Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје.**-------
**4.Донесување на Одлука за промена на седиштето на Стопанска банка АД – Скопје;**---
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа отвори дискусија по предложениот Дневен ред. Од причина што никој не се јави за збор,се пристапи кон гласање при што за предложениот Дневен Ред со кревање на рака 16.570.585 се изјасниј а За,без гласови против и воздржан.---------------------------------------
**Со оглед на тоа Претседавачот констатираше дека Дневниот Ред за 38-седница на Собрание на акционери едногласно беше усвоен.** ----------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот потоа истакна дека бидејќи Органите на Собранието, односно точката 1(еден) од Дневниот ред се усвои,се преоѓа на втората точка од Дневниот ред.----------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Точка 2 (два).По второтта точка од Дневнот ред- **Разгледување на Записникот од 55-та Седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје**,Претседавачот ги извести присутните,односно,нивните овластени претставници и застапници,дека Записникот од претходната седница на Собрание на акционери е изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со член 407 од ЗТД. Потоа отвори дискусија ,без право на одлучување, по записникот од претходната седница.--------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од причина што никој не се јави за збор,Претседавачот констатираше дека Собранието го разгледа Записникот од 55-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје и не даде никакви забелешки.---------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Точка 3(три).По треттата точка од Дневнот ред -Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска Банка АД – Скопје** ,Претседавачот појасни дека Одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје се однесува на измена на статутарните одредби во делот на седиштето на Банката. Измената се предлага поради изградбата на нов деловен објект на нова локација, со што седиштето на Банката се утврдува на улица „Филип Втори Македонски" бр. 6, Скопје. Бидејќи седиштето на Банката претставува основен елемент на нејзиниот правен и корпоративен идентитет и е експлицитно уредено во Статутот, неопходно е соодветно ажурирање на статутарните одредби. Одлуката е претходно разгледана и утврдена од Надзорниот одбор и се доставува до Собранието на акционери за одлучување.Дополнително, по истата беше добиено претходна согласност од страна на Извршниот одбор на Народна банка. ---------------------------------------------------
Потоа Претседавачот отвори дискусија.------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Од причина што никој не се јави за дискусија се пристапи кон гласање при што за Одлуката за измена на Статутот на Стопанска Банка АД – Скопје со кревање на рака 16.570.585 се изјаснија се изјаснија За,без гласови против и воздржан.-------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Со оглед на тоа Претседавачот констатираше дека Одлуката за измена на Статутот на Стопанска Банка АД – Скопје,едногласно беше донесена** . ---------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавач с.р.

**Точка 4(четири) од Дневнот ред -<u>По четврттата точка од Дневнот ред-</u> Донесување на Одлука за промена на седиштето на Стопанска банка АД – Скопје,**Претседавачот истакна дека Точка 4 е тесно поврзана со претходната одлука. Имено, по добивањето (претходна) согласност од НБРСМ, и по донесувањето на претходната Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје, со овој предлог се заокружува правната постапка за промена на седиштето. По донесувањето на Одлуката за промена на седиштето на Банката ќе следи спроведување на упис на промената на седиштето во Централен регистар. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа Претседавачот отвори дискусија.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од причина што никој не се јави за дискусија се пристапи кон гласање при што за **Одлуката за промена на седиштето на Стопанска банка АД – Скопје,**со кревање на рака 16.570.585 <u>се изјаснија се изјаснија За,без гласови против и воздржан.------------------------------------------</u>
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**<u>Со оглед на тоа Претседавачот констатираше</u> Одлуката за промена на седиштето на Стопанска банка АД – Скопје <u>едногласно беше донесена.</u>** ---------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на вонредната седница на Собранието Г-ѓа Наташа Трпеновска Тренчевска,констатира дека се исцрпени точките од Дневниот ред , им се заблагодари на присутните за нивниот придонес во работењето на седницата на Собранието и ја заклучи 56-тата седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка АД - Скопје во 12:20.часот.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Претседавачот на вонредната седница на Стопанска Банка АД Скопје, Г-ѓа Наташа Трпеновска Тренчевска и го прочитав Записникот и ја предупредив за правните последици кои произлегуваат од оваа нотарската исправа.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на седницата на Собранието изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од нотарската исправа и дека содржината на овој Записник одговара во целост на вистинската состојба.--------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека Претседавачот на вонредната седница на Собранието лично го потпиша Записникот.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Наташа Трпеновска Тренчевска

------------------------------------------------------------------------------------------------------------с.р.

Потврдувам дека овој Записник лично го составив на пет листа, на пет страници, на секој лист по една страна, во три еднакви примероци, од кои два изводи за Стопанска Банка АД Скопје, а изворникот останува во архивата на нотарот.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Ова е прв извод,идентичен со изворникот кој се наоѓа во архивата на нотарот.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотарската такса е пресметана во износ од 500,00 денари е наплатена и уплатена на трезорска сметка на буџет на РМ.------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно член 41 и 54 од ПНТ , е пресметана во износ од 10.000,00 денари.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ број 911/2026
Во Скопје, 27.04.2026 година

**НОТАР**
**Анета Петровска Алексова**

Република Северна Македонија
За подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
АНЕТА ПЕТРОВСКА АЛЕКСОВА
СКОПЈЕ